# Проценка за менструалната сиромаштија во Македонија



Новинари за човекови права

**Издавач:**

Здружение на граѓани НОВИНАРИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА - Скопје
Адр: Венијамин Мачуковски 2а-3/16, Скопје
Тел/факс: 02/ 2461308
Уредник: Наташа Доковска
Соработник: Александра Радевска
Лектор: Столе Спировски
Графичко обликување: Еконект
Инфо: www.jhrmk.org електронско издание
ИСБН 978-9989-881-11-4
Скопје, Декември 2018 г.

**Кратенки**

**НЧП – Новинари за човекови права**

**УМХ – Управување со менструална хигиена**

**МС – Менструална сиромаштија**

**УНЕЦЕ -Економска комисија на ОН за Европа**

**ЦОР – Цели за одржлив развој**

**СЗО -Светска здравствена организација**

**ИЈЗ – Институт за јавно здравје**

**РМ – Република Македонија**

**Резиме**

Истражувањето за проценката на **менструална сиромаштија** во Македонија има цел да ги анализира состојбите поврзани со правичен пристап до менструална хигиена во Република Македонија, а како една од задачите за исполнување во рамките на ЦОР, во конкретниов случај ЦОР 6.2. Истовремено, ова истражување има за цел да ги проучи детерминантите што влијаат врз благостостојбата и репрородуктивното здравје на жената од една страна, а од друга страна на загадувањето на животната средина од отпадот што се произведува од производите на УМХ.

Истражувањето претставува проспективна студија на пресек и беше спроведено во периодот април, мај 2018 г. на територија на Скопје, Велес и Куманово, со 800 испитанички, на возраст од 14-45 год. Истражувањето беше направено од НЧП, во соработка со ИЈЗ.

Таргетираните жени беа посетувани од врата на врата и одговараа на однапред подготвен прашалник. Собраните податоци од анкетните прашалници потоа беа статистички обработени и од добиените податоци беа подготвени табеларни и графички прикази.

Со анкетното истражување собравмеподатоци во однос на следните бласти

- Демографски и социоекономски карактеристики
- Управување со меснтруална хигиена и услови за истата
- Цена на средства за УМХ
- Грижа за сопственото здравје и грижа за животната средина

**Од истражувањето произлегоа следните клучни наоди и заклучоци:**

Од резултатите од истражувањето може да се заклучи дека жените во Република Македонија имаат проблем со управување со менструалната хигиена (УМХ), а тоа се гледа од податокот кој вели дека 90% од ученичките во руралните средини во Македонија изостануваат од училиште 4 до 5 дена во текот на месецот кога имаат месечен циклус, додека 75% од ученичките во урбаните средини изостануваат 2 до 3 дена во текот на месецот, поради истите причини.

Причината за тоа лежи во: несоодветни услови за управување со менструалната хигиена на училиште/работно место и високата цена на чинење на средствата за управување со неа. Во Македонија само во едно приватно училиште има услови / тоалет за УМХ, во општина Велес, а во ниту едно училиште нема соодветни производи за УМХ (сапун, тоалетна хартија, вода) ниту пак соодветни места за остранување на отпадоци од УМХ.




На прашањето дали имате услови за одржување на менструалната хигиена на работа / училиште, 90% од испитаниците одговориле дека немаат услови, додека 10% одговориле позитивно.

На прашањето дали имаат услови за одржување на менструалната хигиена на работа/училиште, 90 отсто од испитаниците одговориле негативно, а 25 % од десетте отсто кои немаат услови, одговориле дека работат на отворено и немаат пристап до тоалети.

- 25% немаме пристап, работиме на отворено (продавачи, возачи, дистрибутери)
- 40% ниска хигиена на тоалетите
- 35% нема врати во тоалетите




Она што предизвика најголемо внимание се одговорите на прашањето дали изостанувате од училиште / работа за време на периодот?

Имено 90% од испитаничките од рурални средини одговориле дека 4-5 дена во месецот ученичките изостануваат од улилиште за време на периодот, додека од девојчињата од урбана средина75% изостануваат по 2-3 дена месечно;




Како причини за изостанување од работа / училиште наведени се:

- 52% - несоодветни услови за УМХ
- 40% - висока цена на производите на УМХ
- 8% - болки во стомакот




На прашањето „Какви хигиенски средства користите за управување со менструалната хигиена?“, над 80 отсто одговориле дека користат хигиенски влошки, 5 отсто дека користат тампони, додека 15 отсто одговориле дека не користат никакви хигиенски средства за време на месечниот циклус, односно се снаоѓаат со текстилни само-направени влошки или хартија/весници. За менструалните чашки

одговориле дека знаат само три испитанички, но никој не користел, а 63% од жените одговориле дека би користеле хигиенска влошка за повеќратна употреба. Најголем процент од нив веруваат дека една таква влошка би била по со попристапна со цена, а 30% би ја користеле и поради намалување на загадувањето.




Зачудувачки е податокот дека во Македонија, во 21 век нема кадеда се набават влошки за повеќекратна употреба, како и менструална чашка. Во моментов нашите сограѓанки менструалната чашка можат да ја порачаат само он лајн од единствената компанија која ги нуди, додека во соседна Бугарија во аптеките има избор на 35-50 вида менструални чашки, чија цена се движи од 300 -1500 денри, времетраењето на една ваква чашка е до 10 години, а загадувањто на животната средина од неа е сведено на нула.

Жените во Македонија знаат дека средствата за УМХ содржат хемикалии и пластика. Потврдно одговориле 70% од испитаничките, но не знаат која е алтернативата.

70% од испитаничките би користеле алтернативни еколошки средства за УМХ и тоа најмногу 29,5% поради намалување на цената на чинење на средствата за УМХ, а најмалку 12.5% од испитаничките би ги промениле актуелните средства за УМХ со одржливи, заради заштита на животната средина. Само за илустрација: Македонија се соочува со отпад од 6-6.5 милиони парчиња влошки/ тампони месечно, чие разградување трае 500 години.

Во Македонија сериозен проблем е недостатокот на сексуално репродуктивно образование, како и разговори во рамки на семејството / родителите, на оваа тема. Менструацијата се уште е табу тема во Македонија. На прашањето: Кој ви објаснил за менструацијата? - 80% од испитаничките прв пат дознале од сестра или од другарка, 18% дознале на училиште, а само 8% од испитаничките за менстрауацијата разговарале со родителите, што е поразителен факт.

10. Дали поради месечниот период изостанувате од училиште / работа и ако е да колку дена?







**Препораки**

Имајќи ги во предвид сите предизвици со кои се соочуваат жените во Македонија во однос на УМХ, од ова истражување и од „Самопроценката за правичен пристап до вода и санитација“, а спроведен во периодот 2015-2017 според Бодовната картичка за самопроценка на УНЕЦЕ, канцеларијата на Протколот за вода и здравје и СЗО, Новинари за човекови права бара од надлежните институции и од бизнис секторот:

- Воспоставување на Фонд за искоренување на менструалната сиромаштија!!!

- Да се намали даночната стапка за овој тип на производи од 18 на 5%. Менструалните производи не се луксузни стоки!!!

- Управувањето со менструалната хигиена треба да биде вклучено во родовото буџетирање (сите јавни институции / училишта мора да обезбедат соодветен тоалет за достоинствено управување со МХ). Тоа значи дека барем еден тоалет да ги исполнува стандардите: - вода, тоалетна хартија, сапун и кутии за селектирање на отпад.

- Придобивки за компании кои ќе се вклучат во производството на производи за управување со менструалната хигиена кои се безбедни за животната средина.



**Менструацијата не е табу!**

Скопје, декември 2018 / www.jhrmk.org